Ст.бр.14/2023

Р.

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО, и тоа стечајниот судија Павле Рафајлоски, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, преку ликвидатор Лидија Попоска од Кичево, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за призводство, трговија и услуги „АСТРА-06М" увоз–извоз Кичево ДООЕЛ – во ликвидација, по одржаната расправа, во присуство на полномошник Адвокат Александар Мицкоски од Кичево и времениот стечаен управник Јосип Димитровски од Битола, на рочиштето одржано на ден 26.10.2023 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за призводство, трговија и услуги „АСТРА-06М" увоз–извоз Кичево ДООЕЛ – во ликвидација, со седиште на ул. „29-ти Ноември" бр.93 Кичево со ЕМБС 6150683 и ЕДБ 4012006120892, основано на ден 03.10.2006 година, приходна шифра 52.12 Друга трговија на мало во продавници со мешовита стока, трансакциска сметка со број 300150000027043 при Комерцијална банка АД Скопје, СЕ ОТВАРА стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението Комерцијална банка АД Скопје да ја згасне трансакционата сметка на должникот а доколку има средства на неа, истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот, поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 26.10.2023 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно сметката на должникот е блокирана повеќе од 45 дена.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ бр. 14/2023 од 26.10.2023 година.

Стечаен судија,
Павле Рафајлоски

Судски службеник,
Nëpunës gjyqësor,

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

ДНА: Предлагачот, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар и Комерцијална банка АД Скопје.